Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 18, 1 април 2009 година

април 2009 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на насловен вонреден професор по предметот Генетика на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Криминологија“ од авторот проф. д-р Стеван Алексоски ........ 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на книгата „Криминологија“ од авторот проф. д-р Стеван Алексоски ........ 14

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев” – Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, дипл. правник Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА КНИГАТА „КРИМИНОЛОГИЈА“ ОД**
**ПРОФ. Д-Р СТЕВАН АЛЕКСОСКИ**

Проф. д-р Стеван Алексовски ми ја довери рецензијата на студијата со наслов „Криминологија“ (Скопје, 2009 год.), подготвена како ракопис во компјутерска техника, со намера да се издаде како книга, монографија од областа на кривично-правните науки, со карактеристики и ознаки на учебник.

Студијата содржи вкупно 328 страници, 50 редови во полна страница. Книгата е пишувана на македонски литературен јазик, со соодветна употреба на стручна терминологија на материјата од областа на криминологијата. Повикување на изворот на користената литература се врши во фусноти на страниците на студијата и тие се означени со броеви (135). Наведена е и многубројна домашна и странска литература, учебници, монографии и статии од областа на кривичното право, криминалната политика, криминологијата и пенологијата.

Студијата е поделена на четири дела, а секој дел на глави, нумерирани со арапски броеви, посебно во секоја глава со одредени наслови, а во рамките на главата со нумерирани категоријални и поткатегоријални ознаки и наслови, што презентираат соодветна содржина.

Прviот дел на студијата е „*Воведување во криминологијата, историски развој и теоретски концепти на криминолошката научна мисла*“ со глави во кои се изложени поимот, предметот (1), дефинирање на основните поими (5), односот на криминологијата кон другите науки (8), историскиот развој на криминологијата, како и општ осврт на теориите на криминалитетот каде се поместени: психолошките теории (теорија на интелигенција, теорија на неприспособеноста, теориите на условувањето, психоаналитичките теории, теорија на фрустрација и плуралистичките сфаќања за поврзаноста на особините на личноста со деликвентното однесување), социопсихолошките и социолошките теории (теорија на аномија, теориите на социјалните проблеми и општествената дезорганизација, теоријата на диференцијалната асоцијација, теоријата на социјалната идентификација, теориите на културните конфликти, теориите на социјалниот интеракционизам и етикетата и радикалната теорија), (22). Потоа авторот се осврнува на интеракционистичкиот пристап во проучувањето на криминалитетот и деликвенцијата (42) и типологиите на криминалците (43).

Вториот дел е посветен на „*Општите и посебните методи и методолошки постапки за проучување на криминалитетот и деликвенцијата*“. Во овој дел (50-89) е елаборирана материјата на основните карактеристики на криминолошките и криминалистичките методи во истражувањето на феноменологијата и етиологијата на криминалитетот и начинот на нивното спречување и уништување

Во третиот дел (90) вниманието на авторот е свртено на „*Криминалната етиологија*“. По уводните разгледувања на некои најважни социјални и идејно-политички и микрогрупни детерминанти на криминалитетот и деликвенцијата, авторот своето внимание во овој дел го поместува врз експликација на основните етиолошки проблеми изложени во три глави: 1. поим на личноста, теории на личноста, развој, структура и динамика на личноста, 2. утврдување на цртите на личноста што се од значење за објаснување на криминалитетот на возрасните и малолетните деликвенти и 3. утврдувањето на психичките процеси од страна на криминологијата и криминалистичката психологија.

Во последниот дел, иако тоа не е вообичаено во криминолошката литература, но сепак во согласност со замислената концепција на авторот, се зборува за „*Криминалната феноменологија*“. Во овој дел (214) во поголем број целини и наслови (обем, структура и структурни промени и динамика на криминалитетот, возраста криминалитетот и

деликвенцијата, улогата на полот во дистрибуцијата на деликвенцијата, распоред на криминалитетот на релација село - град, регионални карактеристики на криминалитетот) се поместени и состојбите и проблемите на одделните видови криминалитет (малолетничка деликвенција, имотен криминалитет, економски криминалитет, компјутерски криминалитет, насилнички криминалитет, политичка деликвенција и тероризам, организиран криминалитет, корупција, сообраќаен криминалитет, сексуален криминалитет, туристички криминалитет и еколошки криминалитет) во чии рамки е извршена и неопходната анализа за изнаоѓање погодни средства за нивно превенирање и репресивно сузбивање преку системот на кривичните санкции и други мерки што се погодни за таа намена.

Од причина што во студијата која ми беше дадена за рецензија немаше изготвена содржина, појмовен регистар, ниту попис на користена литература, нивното подготвување останува обврска на авторот при печатењето на трудот.

**М И С Л Е Њ Е**

Ракописот на д-р Стеван Алексовски со наслов „**Криминологија**“ ги исполнува сите услови да биде печатен и издаден како учебник, така како што е даден ракописот, со одредено техничко уредување според замислата на авторот. Со оглед на тоа го препорачувам печатењето и издавањето на книгата „**Криминологија**“ од д-р Стеван Алексоски.

Скопје, 31.3. 2009 година

**Рецензент**

**Проф. д-р Зоран Сулејманов**